*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје, Тел. 5514470, Централа. 5514499
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1730/2**

# З А П И С Н И К

**Од 58-ма седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 23.03.2018 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,м-рРисте Панов,Ивана Трајковска, Снежана Клинчарова,Селпин Керим и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека, Анита Латифи,Илир Рамдани и Гајур Рамадани.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-заменик директор на МРТ.

Седницата започна во 14:20 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 57-ма седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и доставување на предлози за измена и дополнување на Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018).

3. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за плати и надоместоци на плати на вработените во ЈРП МРТ.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 57-ма седница на Програмскиот Совет на ЈРП МРТ**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 57-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Записникот од 57-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 57-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и доставување на предлози за измена и дополнување на Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018).**
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните објасни дека од предлозите кои беа усвојувани на минатата седница на советот останаа уште два предлози по однос на два члена и истите беа доставени на разгледување пред членовите на советот.
После расправата беше предложено и усвоено иситите да бидат повторно испратени до Собранието на РМ.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за плати и надоместоци на плати на вработените во ЈРП МРТ.**
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните ја објасни потребата од носење на еден ваков Правилник за плати и надоместоци на плати на вработените во ЈРП МРТ, и истакна дека истиот е изготвен во согласност со упатствата за изработка на плата,Колективниот договор,Сатутот на МРТ како и надлжните законски норми.
Претседателката исто така истакна дека истиот претставува општ акт согласно Сатутот на МРТ и е во надлежност на Програмскиот совет на МРТ.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ го стави на гласање Правилникот за плати и надоместоци на плати на вработените во ЈРП Македонска Радио Телевизија.

■ **Правилникот за плати и надоместоци на плати на вработените во ЈРП Македонска Радио Телевизија** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **8** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за плати и надоместоци на плати на вработените во ЈРП Македонска Радио Телевизија **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4: Разно.**
По оваа точка се отвори расправа по однос на пристигнатотот Барање од страна на Синдикалната организација при МРТ во кое се бара пристапување кон преговори за колективно договарање со цел склучување на нов Колективен договор.
По повод горенаведеното Програмскиот совет на денешната седница едногласно донесе Заклучок со кој се задолжува претседателот на Синдикалната организација при МРТ или претставник од истата да присуствува на наредна седница на советот, како би се започнала постапка околу превземање на чекори за ново регулирање на односите меѓу страните на колективното договарање.

Исто така и заменик директорот на МРТ-Арун Ибраими со забелешка по однос на одржувањето на седниците на Програмскиот совет дека истите се одржуваа премногу често и на неколку пати во месецот што претставува товар за МРТ од финансиска гледна точка.
Ова излагање на Заменик директорот наиде на неколку коментари и забелешки од страна на членовите на советот.
Членот Златко Јанковски со коментар и прашање колку членовите на советот ја чинат куќата финансиски изразено во проценти од вкупните финансии за плати во МРТ,однонсо дека една седница на советот ја чини МРТ околу 1% од бруто платата за вработените, и дека истото не е серизоен трошок за куќата.Потоа повеќето членови се сложија дека поради зголемениот обем на работа во куќата довело и до зголемен број на седници на советот, и трето повеќето членови се сложија дека доколку е тоа така како што кажува заменик директорот, односно доколку претставуваат товар на куќата тогаш треба повторно да се разгледа иницијативата на менаџментот на МРТ за определување на законскиот максимум на членовите на Надзорниот одбор, и на тој начин ќе се амортизира,односно ќе се намалат вкупните трошци за плати за членовите на Програмскиот совет и на Надзорниот одбор.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател